














Изложбата Карневалот Кралот на Европа 2 е релизирана во соработка со
Етнографскиот Музеј од Трентино од Сан Микеле ал Адиџе, Италија.

Идејна концепција на изложбата
М-р Звјездана Антош, Виш кустос

Автор на текстовите
Д-р Џовани Кезич

Ликовна поставка на изложбата
Николина Јелавич Митровиќ

Соработничка на изложбата
Антонела Мот

Филмови
Микеле Трентини,
Надја Валентичич Фурлан, Владимир Боцев

Фотографии
Иво Перван, Антонела Мот, Владимир Боцев
Фотодокуметација на етнографските музеи
во Сан Микеле ал Адиџе, Загреб, Варшава, Љубљана и Скопје

Издавач
НУ Музеј на Македонија
Скопје
Република Македонија

Превод
Владимир Боцев

Лектура
Лутеција Боцева

МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА
MUSEUM OF MACEDONIA

Дизајн и подготовка
Гордана Георгиевска

Печати
Скенпоинт

Тираж: 300

Скопје 2012





Изложбата е финансирана со средства од
Поглаварството на градот Загреб - градски уред за култура
Министерството за култура на Република Хрватска
Министерството за култура на Република Македонија
Програмата „Култура 2007 - 2013“ на Европската Унија

ETNOGRAFSKI MUZEJ ZAGREB

Education and Culture DG

Culture Programme




# КАРНЕВАЛОТ
## ЦАР НА ЕВРОПА II



***Зимски маски на плодноста во европскиот етнографски контекст***



# КАРНЕВАЛОТ
# ЦАР НА ЕВРОПА II

## *Зимски маски на плодноста во европскиот етнографски контекст*

Проектот Карневалот, цар на Европа започна во 2007 година на иницијатива на Етнографскиот музеј на Трентино од Сан Микеле ал Адиџе,Италија, а во соработка со Етнографскот музеј од Загреб, Хрватска, Етнографскиот музеј од Бугарија, Музејот на европските и медитеранските цивилизации од Марсеј, Франција и Музејот на  Македонија и траеше до 2009 година.

Во втората фаза, 2010 - 2012 година, на проектот му се приклучија Етнографскиот музеј на Баскија, Баскија - Шпанија, Словенскиот етнографски музеј, Љубљана, Словенија, Државниот етнографски музеј од Варшава, Полска, Астра музеот од Сибиу, Романија.

Карневалот, цар на Европа е проект којшто покрај актуелната изложба, опфаќа теренски етнографски истражувања, интернет страна www.carnivalkingofeurope.it, ДВД вилмови и архива на видео и фото материјали.

Научна координација на проектот: Џовани Кезич и Чесаре Попи; Организација на проектот: Антонела Мот; Одговорен на проектот за Македонија: Владимир Боцев

Работа на теренот: Звјездана Антош, Амаиа Бастеретчеа, Владимир Боцев, Иглика Мишкова, Антинела Мот, Патрик Павлачик, Александер Роботицки, Амудена Рутковска, Клара Селицка Барилка, Чесаре Попи, Микеле Трентини, Надја Валентинчич Фурлан и Ненеа Жидов.

Проектот е реализиран со сретства на Европската Унија, во склоп на Програмата Култура 2010 - 2012.

Во текот на истражувањата собрани се бројни предмети за музејските збирки, но исто така и аудиовизуелен материјал, фотографии и видеоматеријал, нс коишто се забележени денешните форми на покладните обиколки во одделни краишта на Европа. Тој материјал има непроценлива важност при истражувањето на покладните обичаи како израз на материјалното и нематеријалното културно наследство.

Собраниот материјал е извонредно важен затоа што дава можност за нова интерпретација на музејските предмети и нивна контекстуализација со денешните случувања во современите трендови на карневалите.

Друг голем квалитет на оваој проект и истражување е мобилноста на кустосите и можноста да се истражува во други европски земји. Со оглед на фактот дека станува збор за етнографски музеи, се воспоставија темели на други облици на соработка помеѓу одделни музејски институции, како што е размена на изложби.

Особената вредност на изложбата Карневалот, цар на Европа II, зимски маски на полодноста во европскиот етнографски контекст е соработката со сите партнери во проектот. На теренските истражувања во Италија, Македонија, Словенија, Полска, Романија, Баскија - Шпанија, Бугарија и Хрватска, се собра вреден аудиовизуелен материјал, којшто е селектиран и претставен на оваа изложба. На изложбата е претставен филмот КАрневаклот, цар на Европа  I и II во којшто се докумнетирани и синтетизирани податоци за европските карневали во рамки на зимските обреди на плодноста. Филмот Карневалот, цар на Европа I на Џовани Кезич и Микеле Трентини доби награда на најдобар научен филм на Фестивалот на етнографскиот филм во Кјото, Јапонија, во 2009 година.

Изложбата Крневалот, цар на Европа ќе биде поставена во етнографскит емузеи во Загреб, Скопје и Софија, учесници во првиот и вториот дел на проектот.

Карневалите во европа имаат корени во широката лепеза на народните маскирања во текот на зимата. Зимата насекаде во европа е време на обреди, за разлика од летото кое се карактеризира со земјоделски активности. Така од квечерината на прзникот Сите Свети се до март, во некои места еднаш, а во некои повеќепати, се враќаат предците во форма на преоблечени млади селани и ги посетуваат живите членови на нивната заедница. Тие ветуваат плодност и благосостојба. И денес во поголемиот дел на Европа, од Балканот, Иберискиот полуостров, Алпите, средна Европа се до британските острови се препознаваат траги на прастар ритуал вдахновен со земјоделската магија. Тој ритуал е сложен,а се одржувал за да обезбеди добар род, да ја охрабри и поттикне сексуалноста, да ја подобри плодноста и да го поттикне обновувањето на времето и враќање на периодот на растот.

Учесниците во проектот Карневалот, цар на Европа го поминаа континентот од сите страни со цел да ги откријат преостанатите траги на тие обреди, да ги соберат и споредат, да ги откријат нивните сличности и да дадат интерпретација на нивните заеднички одлики.